Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) и Предлогот доставен од членот известител **доц. д-р Анита Ангелевска** бр.26-438/3 од 15.05.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 15.05.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Македонски јазик за VIII одделение во основно образование**

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет Македонски јазик за VIII одделение во основно образование со шифра 2 од Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје од авторите: Симон Саздов и Трајче Стамески.

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука. Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**Образложение**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 23.09.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во основно образование бр.26-1056/1 од 23.09.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-49/33 од 26.01.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-3/1 од 28.01.2026 година, заверен во писарницата на Министерството со бр.26-49/39 од 28.01.2026 година и допис бр.32-9/1 од 28.01.2026 година, заверен во писарницата на министерството со бр.26-101/1 од 28.01.2026 година, шифрираните ракописи со шифра 1, шифра 2, шифра 3 и шифра 4, преку Педагошката служба ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-49/40 од 28.01.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-170/17 од 17.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-49/51 од 18.02.2026 година, до Педагошката служба

достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра 1, шифра 2, шифра 3 и шифра 4 по наставниот предмет **Македонски јазик за VIII одделение во основно образование**.

Во мислењето е наведено дека во ракописот за учебник со шифра 1 презентираните содржини главно ја следат програмата и за истиот се дава позитивно мислење. За ракописот за учебник со шифра 2 е констатирано дека обемот на презентираните содржини во еден дел од ракописот ги надминува можностите на учениците од оваа возраст, но сепак ракописот ги следи сите поставени содржини и поими од програмата, поради што се дава позитивно мислење. За ракописот за учебник со шифра 3 е наведено дека е целосно соодветен за употреба односно за реализација на наставната програма и се дава позитивно мислење. Согласно наведеното за ракописите за учебник со шифра 1, шифра 2 и шифра 3 постапката продолжува.

За ракописот за учебник со шифра 4 во мислењето е наведено дека не е прилагоден и соодветен за реализација на наставната програма, и дава негативно мислење поради што согласно член 14 став (8) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) постапката се прекинува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 11.03.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-350/1 од 23.03.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник по наставниот предмет **Македонски јазик за VIII одделение во основно образование.**

На ден 06.04.2026 година Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник доставила Стручно мислење со бр.26-350/16 во кое како општ заклучок за ракописот за учебник со шифра 3 е наведено дека е употреблив но во него наставникот мора да вложи многу свои знаења и лични појаснувања за да успее квалитетно и коректно да ги пренесе предложените содржини до учениците а исто така и дека нивото на разбирање на ученикот треба да биде пониско. За ракописот за учебник со шифра 1 како општ впечаток на комисијата е дека има помалку експликативни, дескриптивни и поучни текстовни делови од шифра 3, дека наликува на читанка и дека тоа не е добро за оваа возраст на учениците. За ракописот за учебник со шифра 2 во мислењето е наведено дека е најкомплетен, најзаокружен, теоретски најточен, стилски разбирлив (во најголем дел), со многу табели во кои и графички се покажуваат разликите меѓу поимите, целосно приспособен и кон програмата и кон ученикот. Согласно наведеното комисијата едногласно го предлага ракописот за учебник со шифра 2 но воедно доставува и сугестии се со цел учебникот да биде доведен до совршенство. Исто така од страна на Рецензентската комисија доставено е и мислење со бр 26-350/15 од 06.04.2026 година во кое е наведено дека комисијата го предлага за употреба ракописот за учебник со шифра 2 и истиот треба да претрпи одредени корекции кои нема да влијаат на целокупната оценка.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 02.04.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-439/1 од 15.04.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-438/2 од 27.04.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи да ги прифати извештаите од Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија ракописот за учебник со шифра 2 по наставниот предмет **Македонски јазик за VIII одделение во основно образование**, да се прифати условно но повторно да го разгледа откако ќе бидат внесени сугестиите на рецензентската комисија.

Педагошката служба со допис бр.26-49/55 од 30.04.2026 година се обрати до Комисисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1056/1 од 23.09.2025 со напомена истиот да биде делумно јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-58/2 од 30.04.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-49/71 од 30.04.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-2/1 од 28.01.2026 година со напомена дека во записникот податоците за ракописите за учебници чии шифри не се отвараа се покриени и не се јавно достапни.

По добивање на Записникот бр.32-2 од 28.01.20272026 година, Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-49/72 од 30.04.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Македонски јазик за VIII одделение одделение во основно образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесена е Одлука да биде одобрен ракописот за учебник со шифра 2, но по внесување на забелешките од Рецензентската комисија.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-2 од 18.01.2026 година на интернет страницата за дел од шифрите констатирано дека:

- За ракописот за учебник **под шифра 1** се јавува Друштвото за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје со авторите: Веселинка Лаброска, Емилија Величкова, Наташа Ацевска, Елизабета Теодосиевска и Јованка Денкова.
- За ракописот за учебник **со шифра 2** се јавува Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје со авторите: Симон Саздов и Трајче Стамески.
- За ракописот за учебник **со шифра 3** се јавува Друштвото за промет и услуги ТРИМАКС ДОО - Скопје со авторите: Виолета Јанушева и Лилјана Јовановска.
- За ракописот за учебник **со шифра 4** се јавува Акционерското друштво за издавање учебници и наставни средства ПРОСВЕТНО ДЕЛО Скопје со авторите: Гордана Здравкоска и Љупка Стојменова.

Педагошка служба со допис број 26-350/17 од 04.05.2026 година до издавачот ги достави забелешките од рецензентската комисија, со цел да се направат посочените корекции и истиот да може да ја продолжи процедурата за издавање и употреба.

Издавачот со допис број 26-350/18 од 12.05.2026 година до Педагошка служба достави коригиран ракопис по наставниот предмет **Граѓанско образование за VIII одделение во основно образование**.

Педагошката служба со допис број 26-350/19 од 12.05.2026 година, по електронски пат го достави коригираниот ракопис за учебник до членовите на Рецензентската комисија.

Рецензентската комисија со допис број 26-350/20 од 13.05.2026 година го разгледа коригираниот ракопис и констатира дека е постапено по дадените забелешки, укажувања и

препораки со што дава позитивно стручно мислење и предлага ракописот да биде прифатен во понатамошна постапка.

На седницата одржана на 15.05.2026 година, членот известител со допис заведен под архивски број бр.26-438/3 од 15.05.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи да го прифати мислењето од Бирото за развој на образованието, конечното мислење на Рецензентската комисија и ракописот за учебник по наставниот предмет **Македонски јазик за VIII одделение одделение во основно образование,со шифра 2** да го прифати и истиот да ја продолжи натамошната постапка за издавање и употреба.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 15.05.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**<u>Правна поука:</u>** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф.д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
Date: 2026.05.20 08:31:43 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи